СООПШТЕНИЕ: Анекс за продолжување на договорите со аптеките

На денешната средба што се оддржа во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот и Фармацевтска комора на Македонија се договорија да се потпише анекс за продолжување на постоечките договори кој ќе се применува од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година. Во меѓувреме преставниците на Фондот за здравство и Комората ќе работат на подобрување на содржината на договорот и негова корекција.

На средбата со директорите на Фондот г-дин Данаил Дончев и г-дин Орхан Рамадани е договорено да се стави мораториум на договорните казни во овој период, освен за случаите кога со повредата е сторено кривично дело.

Работната група која ќе работи на дефинирање и начинот на подигање на нивото на достапноста на лековите на товар на Фондот во Р.Македонија, казнената политика...., со интенција во овие договорени активности да се вклучат и преставници од Министерството за здравство и МАЛМЕД, со оглед што за некои од дадените иницијативи и предлози е потребно изменување на законите и подзаконските акти.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија и овој пат истакна дека е подготвен низ дијалог и преку партнерска соработка да се дојде до најсоодветните можни решенија во интерес на осигурениците и аптеките.

На средбата Фондот за здравство понуди три можности, да се разгледуваат понудените предлог договори член по член, да се прифатат предлог договорите со важност од една година и во меѓувреме за тој период да се работи на сите отворени прашања и да се направи анекс за продолжување на постоечкиот договор за една година.

Фондот за здравство и Фармацевтската комора ќе продолжат со вакви активности и во наредниот период и тие ќе се одвиваат транспарентно и за нив ќе биде информирана јавноста.